РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3257/1
03-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 51-та седница одржана на 31.08.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата на /// /// од ///, /// /// од ///, /// /// од ///, /// од /// и /// од ///, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4901/1 од 21.10.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека друг орган постапува по наводите во пријавата, по претходно доставена иницијатива.

Предметот со архивски број 12-4901 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителите на пријавата да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4901/1 од 21.10.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// /// од ///, /// /// од ///, /// /// од ///, /// од /// и /// од /// (во понатамошниот текст: подносителите).

Во пријавата се изнесени наводи за несовесно постапување и злоупотреба на службена положба и овластување од страна на лица – /// (во понатамошниот текст: федерацијата), заради стекнување лична корист, за себе и за друг. Наведено е дека пријавените лица, со преземање незаконски и недозволиви дејства, го оштетиле /// ///

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

////, затоа што "испумпале" околу /// (///) евра по основ на реализација на проект "///", коишто финансиски средства "ги поделиле" помеѓу себе и свои блиски лица. Последователно, пријавата е дополнета со наведување дека погоре цитираниот проект е финансиран со финансиска поддршка од ///. Од ДКСК се бара да го преиспита овој случај согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

При разгледувањето на пријавата и доставените докази, а со цел утврдување фактичка состојба, ДКСК се обрати до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: министерството), со барање за доставување податоци и информации во врска со наводите од пријавата. Министерството доследно постапи по барањето на ДКСК и ги достави побараните податоци и информации, па по оценка на секој одделен доказ и на сите докази заедно, по извршената единечна анализа на секој одделен факт, како и вкрстената анализа на сите факти во целина утврди дека во конкретниот случај се работи за дејствија на лица кои се предмет на истрага од страна на министерството и за што се издадени повеќе наредби од Основно јавно обвинителство на Република Северна Македонија во Скопје. Оттаму, ДКСК констатира дека друг надлежен орган презема дејства и постапува по наводите од пријавата на подносителите, а ова по претходно доставена иницијатива, заради што оцени дека постапувањето по пријавата треба да се запре и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителите

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К.Н.